ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (631) за 2021 година.

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

- неусогласеност на потребните вработувања во Планот за вработување и ангажираните лица;
- реализирани се само 12,6% од Програмата за фитосанитарна политика за 2021 година;
- во процесите на набавка и издавање на контролни марки за ставање во промет на брашно и на издавање на испратници за исечено дрво не е воспоставена соодветна евиденција ниту контроли;
- пописот на побарувањата не е извршен во целост и нема податоци за основот и старосната структура на истите и дали се преземени активности за наплата на побарувањата и
- на сметката на Министерството извршени се уплати за надоместок за проширена репродукција на шумите кои не се пренесени во корист на Буџетот.

**Издадено мислење/заклучок*:**

🔴 🔴

Неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива.

**Клучни препораки:**

- изготвување на годишниот план за вработување во согласност со реалните потреби;
- обезбедување на услови за целосна реализација на предвидените активности со програмите и наведување на детални информации за истите;
- пропишување на начинот на евидентирање на приемот и издавањето на контролните марки и испратниците за исечено дрво, воспоставување регистар и задолжување на одговорните лица за водење ажурна евиденција на истите;
- потврдување на реалноста на искажаните побарувања и соодветно постапување со истите;
- префрлање на погрешно уплатените средства на сметката на Буџетот на државата.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот, при што една забелешка се прифаќа, а останатите преставуваат известување за причините за утврдените состојби и за преземените активности.

* 🟢 **позитивно,** 🟡 **со резерва,** 🔴 **неповолно,** ⚫ **воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk